ИНТЕРПРОМЕТ
а. д.
Бр. 0201 - 449/2
10.06. 2022 год.
ТЕТОВО

Во согласност со член 508, став 4 и член 171 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 10.06.2022 година во Тетово, истовремено со потврдувањето на Планот за поделба на друштвото усвоен со одлука на управниот одбор за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година и изготвен во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово, ја усвои следната:

# ИЗЈАВА ЗА ОСНОВАЊЕ
# на
# Друштвото за производство, трговија и услуги КЕРРА ГРОУП ДООЕЛ Тетово

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се основа трговско друштво како друштво со ограничена одговорност од едно лице.

## II. ЕДИНСТВЕН СОДРУЖНИК

**Член 2**

Единствен содружник на Друштвото за производство, трговија и услуги **КЕРРА ГРОУП ДООЕЛ Тетово** е **ХАРУН ТХАЧИ**, со живеалиште во ТЕТОВО, на ул. БАНЕ СТЕФАНОСКИ бр. 15, со ЕМБГ 1112968470031.

## III. НАЗИВ И СЕДИШТЕ

**Член 3**

Називот на Друштвото ќе биде:
Друштво за производство, трговија и услуги **КЕРРА ГРОУП ДООЕЛ Тетово**

Скратениот назив на Друштвото ќе биде:
**КЕРРА ГРОУП ДООЕЛ Тетово**

Во надворешниот промет, Друштвото ќе истапува под своето име на англиски јазик и латинично писмо:
Company for production, trade and services **KERRA GROUP DOOEL Tetovo**

Скратениот назив на друштвото на англиски јазик со латинично писмо ќе гласи:
**KERRA GROUP DOOEL Tetovo**

**Член 4**

Регистрираното седиште на Друштвото ќе биде во Тетово, на адреса ул. „Илинденска" бр. 18-б - Тетово.

## IV. ДЕЈНОСТ НА ДРУШТВОТО

**Член 5**

Трговското друштво, во внатрешниот промет, ќе ги врши сите дејности според НКД, додека за дејностите за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган друштвото дополнително ќе ја побара.

Трговското друштво ќе ги врши евидентираните дејности во надворешниот трговски промет.

Претежната дејност на Друштвото ќе биде:

68.20 - Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 6**

Друштвото се основа на неопределено време.

## VI. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И ВИСИНА НА ОСНОВАЧКИ ВЛОГ

**Член 7**

Основната главнина на друштвото изнесува **869.808 евра**, внесени како непаричен влог, и се состои од:

- Конвертирани 16.359 акции во удел во постапка за делба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво, со вкупна вредност од **869.808 евра**.

Влогот на единствениот содружник во друштвото е како што следи:

- Непаричен влог на единствениот содружник **ХАРУН ТХАЧИ** од **869.808 евра**, кој кореспондира со 100% од основната главнина на друштвото.

**Член 8**

Единствениот содружник може да ја зголеми основната главнина врз основа на донесена одлука. Зголемувањето на основната главнина може да биде извршено со преземање на нов основачки влог во пари, предмети или права.

## VII. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ

**Член 9**

По намирување на сите долгувања по сите основи кон државата и државните фондови, остатокот од приходот на Друштвото преставува добивка со која располага содружникот во целост.

**Член 10**

Единствениот содружник е одговорен за евентуалните загуби кои би се појавиле во текот на работата на Друштвото до износот на неговиот влог во основната главнина на Друштвото.

## VIII. РАКОВОДНИ ОРГАНИ

### Управител на Друштвото

**Член 11**

Единствениот содружник го назначува и отповикува Управителот од функцијата со донесување на одлука.
Со одлуката, Единствениот содружник може да назначи или отповика еден или повеќе управители, како и да ги уреди нивните овластувања во поглед на застапувањето и склучувањето правни работи со трети лица во внатрешниот и надворешниот промет.
Назначениот управител ќе го претставува и застапува Друштвото во односите со трети лица и ќе ги извршува сите обврски и ќе дејствува во сите околности во име и за сметка на Друштвото и целосно и лично ќе биде одговорен пред единствениот содружник и сите овластени институции и органи во Република Северна Македонија.

**Член 12**

Управителот ќе ги извршува сите акти и дејствија во управувањето во интерес на Друштвото и ќе ги извршува своите должности совесно и во интерес на исполнувањето на целите на Друштвото, согласно Законите и актите на друштвото.
Управителот е лично одговорен кон Друштвото, единствениот содружник и кон трети лица за својата работа и ако не се придржува кон одредбите на законот и другите прописи, како и за штетата која може да настане во врска со управувањето на Друштво.

**Член 13**

Управителот ќе ги извршува своите функции во согласност со неговите овластувања и ограничувања при склучување на договори и превземање активности во правниот промет со трети лица.
Управителот е должен да се осигура трговските книги да се водат уредно и во согласност со законот, тој е обврзан да го информира единствениот содружник за работењето на Друштвото и да обебеди пристап до трговските книги, документите и правните акти на Друштвото за кој било овластен застапник на единствениот содружник.
Управителот поднесува писмен извештај за својата работа еднаш годишно, како и план со подготвен елаборат за наредната година. Управителот ќе поднесува почести извештаи на барање на единствениот содружник.
Управителот ќе го подготвува извештајот за управувањето со Друштвото и годишните финансиски извештаи и ќе ги поднесува до единствениот содружник на крајот од деловната година.

**Член 14**

Управителот ќе врши и други должности во врска со управувањето со Друштвото предвидени со законот, Изјавата за основање и другите правни документи на Друштвото.

Управителот на Друштвото ќе ги врши и превзема сите дејствија и активности поврзани со работните односи, вклучувајќи но не ограничувајќи се на вработување, права и обврски на работниците, работни позиции и сл.

Управителот може да биде разрешен со одлука на единствениот содружник.

**Член 15**

За управител на Друштвото за производство, трговија и услуги **КЕРРА ГРОУП ДООЕЛ Тетово**, се назначува:

- **АЛТИН ТХАЧИ**, со живеалиште во ТЕТОВО, на адреса УЛ. БАНЕ СТЕФАНОСКИ БР. 15 и ЕМБГ 0908999470019, по занимање: Менаџер.

Управителот својата функција ќе ја извршува без ограничувања на овластувањата во внатрешниот и надворешниот промет.

Управителот ќе биде овластен самостојно да го застапува и претставува Друштвото, како и да дејствува во сите околности во име и за сметка на друштвото.

**Член 16**

На барање на единствениот содружник, Управителот ќе издаде информација за работењето на Друштвото, и ќе обезбеди пристап до трговските книги, документи и други акти на Друштвото.

Управителот е лично одговорен кон Друштвото и трети лица за работењето спротивно на одредбите на законот и другите прописи, за непочитување на Изјавата за основање, како и за грешките кои ги направил во управувањето со друштвото.

## IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕДИНСТВЕНИОТ СОДРУЖНИК

**Член 17**

Единствениот содружник ги носи сите одлуки кои се неопходни за работењето на Друштвото, согласно одредбите од Законот за трговските друштва и оваа Изјава за основање.

Управителот на Друштвото води Книга на одлуки донесени од страна на Единствениот содружник.

**Член 18**

Единствениот содружник:

1. Ги разгледува и усвојува годишната сметка и годишниот извештај и одлучува за распределба на добивката и покривањето на загубите;
2. Го именува и разрешува управителот;
3. Донесува одлука за вршење на контрола над работењето на друштвото и именува ревизори;
4. Го застапува друштвото во судските постапки против Управителот;

5. Го одобрува земањето или доделувањето на заеми, хипотеки или залози;
6. Ги одобрува договорите кои Друштвото ги склучува со својот управител или неговите блиски роднини, освен ако овие договори се сметаат за тековно вршење на дејностите на Друштвото;
7. Одлучува за зголемувањето и намалувањето на основната главнина на Друштвото;
8. Одлучува за реорганизацијата на Друштвото, за соединувања, преземања и поделби на Друштвото, за основање на нови друштва во земјата и во странство, назначување на ликвидатори и општо за сите статусни промени на Друштвото;
9. Донесува Правилник за систематизација на работните места, и
10. Одлучува за авансна распределба на добивката на Друштвото.

Единствениот содружник врши и други дејности утврдени со Законот за трговски друштва и другите закони кои се на сила во Република Северна Македонија.

**Член 19**

Целокупната добивка на друштвото по завршната сметка му припаѓа на единствениот содружник и истиот слободно располага со неа, а истата може да се користи за:

- Зголемување на основната главнина;
- За дивиденда (надомест на вложувачот);
- За набавка на основни средства и друго.

**Член 20**

Единствениот содружник не одговара за обврските на друштвото преземени во правниот промет со трети лица, а ризикот го сноси до висина на вложените средства во друштвото.

## X. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ИЗЈАВАТА ЗА ОСНОВАЊЕ

**Член 21**

Измена на оваа Изјава за основање се врши со одлука на единствениот содружник донесена во согласност со закон.
Измените на Изјавата за основање имаат правно дејство од моментот на нивниот упис во трговскиот регистар.

## XI. ПРЕСТАНОК И ЛИКВИДАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

**Член 22**

Друштвото престанува да постои со одлука на единствениот содружник, со одлука за спојување со друго друштво односно поделба, со судска одлука и во други случаи определени со закон.
Единствениот содружник одлучува за начинот на извршување на ликвидацијата и за назначувањето на ликвидатор. Ликвидаторот е должен да направи попис на активата на Друштвото, да го подготви билансот и да го објави како што е пропишано со законот. Ликвидаторот ја има истата должност на крајот на секоја деловна година, во случај ликвидационите активности да се пролонгираат.

Ликвидаторот ќе го претставува друштвото пред суд и во вонсудските постапки, ќе го стави својот потпис на било кој документ под следното: име на друштвото, додавајќи ги зборовите „во ликвидација". Тој е должен да ги спроведе неизвршените тековни активности на Друштвото совесно и да го предаде остатокот од ликвидационата маса на единствениот содружник.

## XII. ПРАВЕН СТАТУС НА ДРУШТВОТО

**Член 23**

Друштвото има статус на правно лице од моментот на запишување во трговскиот регистар.
Друштвото ќе дејствува во свое име и за своја сметка во односите со трети лица.
Друштвото е одговорно до износот на неговите вкупни средства за обврските кон трети лица во правните односи.

## XIII. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

Оваа Изјава за основање стапува на сила со денот на неговото потпишување, а ќе се применува по завршувањето на постапката за упис во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**
**Претседавач:**

_______________________________

интерпромет а.д. ТЕТОВО 1